**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.05.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2578 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ

3. **Период опфатен со надзорот**: 2 и 3 мај 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 8 мај 2019 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 9 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу четири минути, за политичките партии во опозиција можат да одвојат најмногу четири минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута.“), **а во врска со точка 4 од Упатството за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници на Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година, бр. 01-1802/1 од 29.03.2019 година;**

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, емитуван на 2 и на 3 мај 2019 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со точка 4 од *Упатството*** *за начинот на спроведување на одредби од Изборниот законик за време на кампањите за претседателските избори и за изборите за градоначалници на Дебар, Ново Село и Охрид во 2019 година.*

Имено, спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик и точка 4 од Упатството, според кои радиодифузерот во еден реален час емитувана програма може да одвои најмногу 4 минути за платено политичко рекламирање на кандидатите за претседател и за градоначалници поддржани од партиите на

власт, програмскиот сервис ТВ М, во текот на четири реални часа емитувана програма на 2 и на 3 мај 2019 година, одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање на кандидатите на политичките партии на власт - за кандидатот за претседател Стево Пендаровски и за кандидатот за градоначалник на Охрид, Константин Георгиески.

На 2 мај 2019 година, лимитот од 4 минути го надмина: за 51 секунда во реалниот час од 17:00 до 18:00 часот; и за 23 секунди во реалниот час од 19:00 до 20:00 часот.

На 3 мај 2019 година, лимитот од 4 минути го надмина: за 55 секунди во реалниот час од 18:00 до 19:00 часот; и за 17 секунди во реалниот час од 19:00 до 20:00 часот.

**02.05.2019**

| **Реален час** | **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
|---|---|---|---|
| од 17:00 до 18:00 | 17:23:46 – 17:26:43 | 00:02:57 | Кандидат за претседател, Стево Пендаровски (група избирачи) поддржан од СДСМ |
| | 17:27:01 – 17:28:55 | 00:01:54 | Кандидат за градоначалник од СДСМ, Константин Георгиески |
| | **Вкупно: 00:04:51** | | |

**02.05.2019**

| **Реален час** | **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
|---|---|---|---|
| од 19:00 до 20:00 | 19:28:03 – 19:30:27 | 00:02:24 | Кандидат за претседател, Стево Пендаровски (група избирачи) поддржан од СДСМ |
| | 19:30:45 – 19:32:44 | 00:01:59 | Кандидат за градоначалник од СДСМ, Константин Георгиески |
| | **Вкупно: 00:04:23** | | |

**03.05.2019**

| **Реален час** | **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
|---|---|---|---|
| од 18:00 до 19:00 | 18:13:13 – 18:16:09 | 00:02:56 | Кандидат за претседател, Стево Пендаровски (група избирачи) поддржан од СДСМ |
| | 18:16:28 – 18:18:27 | 00:01:59 | Кандидат за градоначалник од СДСМ, Константин Георгиески |
| | **Вкупно: 00:04:55** | | |

03.05.2019

| Реален час | Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|---|
| од 19:00 до 20:00 | 19:23:50 – 19:25:43 | 00:01:53 | Кандидат за градоначалник од СДСМ, Константин Георгиески |
| | 19:28:00 – 19:30:24 | 00:02:24 | Кандидат за претседател, Стево Пендаровски (група избирачи) поддржан од СДСМ |
| | **Вкупно: 00:04:17** | | |

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со точка 4 од Упатството, програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, во текот на четири реални часа емитувана програма на 2 и на 3 мај 2019 година, одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање на кандидатите на политичките партии на власт - за кандидатот за претседател Стево Пендаровски и за кандидатот за градоначалник на Охрид, Константин Георгиески.

## 8. Предлог-мерка:

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата, да покрене прекршочна постапка против Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ.

***Сектор за програмски работи***